| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и пролетта |
| **Содржина на денот** | Музички инструменти |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како треба да се грижиме за нашето здравје за да не се разболуваме. Да се храниме здраво, да спортуваме и да шетаме во природа на чист воздух (слика 1 и 2). Да држиме растојание и да одржуваме лична хигиена. |
| **Активности** | Со детето започнете разговор за музиката дали сака да ја слуша, пее, игра, свири. Прашајте го на што се може да се свири (слика 3 и 4).<br>Дајте му предлог заедно да изработите детски музички инструмент од тоа што имате дома од типот на пластични кутивчиња (слика 5), киндер јајца (слика 6), шишенца и понудете му различни семиња, грав, ориз, пуканки, пченица. Нека земе колку што му собира рачето и нека ги наполни пластичните кутивчиња, потоа Вие убаво затворете ги и демонстрирајте му како тие произведуваат звук.<br>Дајте му и детето да проба да произведува звук со нив и потоа заедно со него испејте ја неговата омилена песна подржувајќи ја со новиот детски музички инструмент.<br>На крајот понудете му весникарска хартија, салфетки во боја и нека ги украсува по негова желба и замисла. |